ГОТЕН

Книгата е објавена со поддршка на програмата Креативна Европа
на Европската унија

Co-funded by the
Creative Europe Programme
of the European Union

Овој проект е реализиран од Европската комисија. Изданието ги одразува гледиштата само на авторот и Комисијата не може да се смета одговорна за каква било употреба што може да произлезе од информациите што се содржат во него.

traduki

Издавањето на ова дело беше поддржано од ТРАДУКИ, литературна мрежа на која припаѓаат Сојузното министерство за Европа, интеграции и надворешни работи на Република Австрија, Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија, швајцарската фондација за култура ПроХелвеција, КултурКонтакт Австрија (по налог на Сојузната канцеларска служба на Република Австрија), Гете Институтот, Агенцијата за книги на Словенија ЈАК, Министерството за култура на Република Хрватска, Ресорот за култура на владата на кнежеството Лихтенштајн, фондацијата за култура на Лихтенштајн, Министерството за култура на Албанија, Министерството за култура и информирање на Република Србија, Министерството за култура на Република Романија, Министерството за култура на Црна Гора, Саемот на книгата во Лајпциг и фондацијата С. Фишер.

CONTEMPORANEA

Емир Имамовиќ

# ТРЕТО ПОЛУВРЕМЕ

Превод:
Роберт Алаѓозовски

ГОТЕН
Скопје 2016

19:35 СТУДИО: НАЈАВА

*Тимот на Комисијата за потрага по исчезнати лица денеска ексхумираше три човечки костури од јамата Длабока во близина на Подград. Како што дознава нашата телевизија, Комисијата пред неколку денови примила анонимно известување за локацијата на оваа гробница, за денес, со помош на членовите на Алпинистичкиот клуб „Босна“, од јамата длабока триесетина метри да бидат извлечени посмртните останки за кои се претпоставува дека им припаѓаат на лицата: С. Х., Е. Х. и К. Х. Бидејќи во близина на Подград немаше непосредни воени дејства, не е јасно како и кога дошло до ликвидација на споменатите. Пронаоѓањето на телата ги вознемири жителите на гратчето, што некогаш беше познато по успешното индустриско производство.*

РЕЖИЈА: ПРИЛОГ – ПОДГРАД

Два бели џипа се паркирани во подножјето на планината. По стрмната, каллива патека се качуваат двајца мажи и една жена во бели комбинезони. Мажите носат големи црни торби, а жената помала. Зад нив, во

алпинистичка опрема, чекорат уште двајца помлади мажи.

*Исклучително непристапниот терен крие и природна барем триесетина метри длабока јама во која се наоѓаат останките на трите човечки тела. Тимот на Комисијата за потрага по исчезнати стигна на ова место по анонимно известување.*

Постариот алпинист со пропаднати образи и лице избраздено со брчки, се спушта со помош на јаже во јамата. Еден член на Комисијата навлекува најлонски ракавици. Неговата колешка гледа настрана, кон Подград.

*Засега нема потврдени информации кому му припаѓаат костурите во Длабока, со оглед на тоа што немаше борби во блиската околина, настрана тоа што Подград во ниту еден момент не се наоѓаше на окупирана територија. Се претпоставува дека станува збор за цивили или за воени заробеници, но тоа допрва ќе биде утврдено.*

Светложолтата и црвената боја како да се разлеваат по екранот. Лицата на снимката не се гледаат јасно. Најгоре на екранот, со жолти букви пишува ВХС, а на дното со помали: аматерска снимка. Мажи со долги бради, облечени во воени одори, ги подигаат калашниковите во воздух. Се слуша еден глас. Другите го сле-

дат: „Tekbir! Allah-u-ekber! Laillahe illalah! Muhammed resullalah!!!“

*Меѓутоа, Подград е познат како едно од првите места во кое во текот на агресијата врз нашата земја престојуваа странски борци, припадници на единицата што подоцна ќе стане дел од одредот „Ел Муџахид“. Дел од поранешните, таканаречени исламски борци и денес живеат во ова место.*

Трите костури се поставени во најлонски, отворени вреќи. Ги прегледуваат членовите на Комисијата. Жената му ја отвора вилицата на еден од костурите. Нејзиниот колега на другиот му ги провлекува прстите низ очните длапки.

*НИЈАЗ ХОЏИЌ, АЛПИНИСТ*
*Спуштањето беше многу тешко. Јамата е природна, но положбата и структурата ѝ се такви што веќе по неколку метри исчезнува природната светлина. Меѓутоа, дното е рамно и тука ги најдов овие тела кои моравме да ги извлечеме, внимавајќи да не се оштетат. Покрај еден костур најдов остатоци од куршум и тоа беше сè.*

Членовите на Комисијата ги затвораат црните вреќи со костурите.

Нема метеж на главната подградска улица. Паѓа дожд, не е силен, но изгледа како никогаш да нема да престане. Автомобил поминува прскајќи вода од вировите од улицата на тротоарот. Кучето го душка ѓубрето што паднало од преполниот контејнер. Со забите зема парче мувлосан, стар леб и веднаш го испушта. По тротоарот забрзано оди една постара жена, се разминува со некој помлад маж, кој не ја подига главата, загледан во тротоарот.

*Пронаоѓањето на човечките остатоци во Длабока ги вознемири жителите на мирното среднобосанско место. Тие, загрижени, не беа расположени за разговор. Некои покажаа дури и агресивност кон нашата екипа.*

Низок, набиен, но не и дебел маж, гледа во камерата. Нервозен е, забрзано дише, устата ја држи затворена. Вилицата, изгледа, како да му е во грч.

*Марш, бе, пичка ви мајчина, само уште вие ми фалевте!*

# 1

Од која било страна да се погледне, во кое било време од денот и од ноќта, јасно е дека од Подград нема многу погрди места. Котлината, опкружена со планина од двете, со рид од едната и со напуштена фабрика за жица од четвртата страна, никако и никогаш не изгледала како место погодно за живеење. Подград не беше ниту град ниту село, туку нешто за што е тешко да се најде соодветен назив. Заради планината, сонцето најдоцна го огреваше, мракот паѓаше порано отколку на друго место, маглата ќе се кренеше околу пладне, земјата уште немаше да се засуши како што треба од дождот, а веќе паѓаше нов. Во Подград ретко кој, всушност никој и никогаш, не доаѓаше случајно: патот за Подград водеше само до Подград. Патот одеше покрај рекичката Кала, низ засеци и проретчена шума, ја заобиколуваше фабриката и исчезнуваше пред планината со вечно снежни врвови.

Од шест илјади луѓе, колку што некогаш живееја во Подград, речиси сите полнолетни мажи и половината

жени постари од осумнаесет години работеа во „Прв ударник“, така се викаше фабриката за жица, и тоа бодликава. „Фабриката го создаде градот, а градот на фабриката ѝ даде душа“, пишува на третата страница од „Монографијата за Подград“, книга што сè уште може да се најде во сите подградски куќи, во кабинетот на градоначалникот на општината и во Народната библиотека во Сараево, каде што десетина примероци добија свои каталошки броеви, печат на третата страница и ниту еден читател, никогаш. Во таа книга, на чиишто корици е панорамата на Подград снимена од последните куќи на ридот, кадрирана на начин да изгледа дека малите двокатни згради, неколкуте поголеми и улицата излегуваат од „Прв ударник“, пишува и дека фабриката била водечки производител на бодликава жица во Босна и Херцеговина, дека, покрај работните победи, никогаш не се запоставувала општествената, спортската и културно-уметничката работа, па Подград имал аматерски театар „Прв ударник“, кино „Прв ударник“, библиотека „Прв ударник“, машки фудбалски и женски одбојкарски клуб „Прв ударник“, културно-уметничко друштво „Прв ударник“ и ликовна секција „Прв ударник“. Во подградската книга, бидејќи беше објавена пред да бидат донесени писателите во фабриката со автобус, не пишува дека фабриката за бодликава жица „Прв ударник“ двапати била домаќин на книжевни средби, на кои се доделени плакети, златен, сребрен и бронзен колак жица и парични

награди за најдобрите остварувања од областа на „творештвото што го поттикнува производството на производи од метал“ и дека првиот победник беше Марко Водњаковиќ со збирката песни „Ковање на болката“, а дека вторпат победи и за малку ќе приумреше поетесата Сенада Мушинбеговиќ, постара госпоѓа, авторка на песнарката „Жица врз љубовта“, која претходниот лауреат, пијан од лутина што повторно не го нагазија парите, ја праша:

– Бабо, би се ебела ли ти в газ?

Додека камионите уште извезуваа жица од фабричкиот круг, Подград имаше, за што не се пишуваше, бидејќи или се подразбираше или се криеше, и здравствен дом, болница со оддели за гинекологија, педијатрија, ортопедија и инфективни болести, пожарникарско друштво, полициска станица, Клуб за лекувани алкохоличари „Разден“ и најмалку сончеви денови во југоисточна Европа.

Тука, во Подград, на возрасните не им останувашe ништо друго, освен да пијат или да се лекуваат од пиење, додека нивните деца одвај чекаа да пораснат и да одат на студии од каде што ќе се враќаат на празници и на погреби или да пораснат, па да можат да пијат без да се кријат од родителите и од наставниците во Средното насочено училиште „Прв ударник“. Како и во основното училиште впрочем. И тогаш, се разбира, на некои Подград им изгледаше како непријатно место за

живеење. На оние што од жицата ги школуваа децата, купуваа регали и софи, им беше убаво, толку убаво, што и ден-денес велат дека никогаш нема да им биде поубаво. Ништо, ама баш ништо невообичаено под капата небесна не се случуваше во Подград, не сметајќи го краткотрајниот снег една година во јули и темносивата мечка што онаа зима кога во Сараево беа Олимписките игри, се спушти дури до пред вратата на поштата, каде што милиционерот Салко Обхоѓаш ја уби со прецизен погодок од полуавтоматска пушка со која, местејќи се во став мирно покрај мртвото животно, се фотографираше за фабричкиот ѕиден весник. Со тоа стекна доволно слава да го викаат во подградските училишта да им одржи предавање на учениците за чување на редот и мирот во редовни и во вонредни околности.

Од шест илјади луѓе, колку што некогаш живееја во Подград, останаа околу половина. Градот, местото, што и да е, веќе нема аматерски театар, кино, библиотека, женски одбојкарски клуб, културно-уметничко друштво, ликовна секција, книжевни средби, болница со гинеколошки оддел, педијатрија, ортопедија и инфективни болести, пожарникарско друштво, Клуб на лекувани алкохоличари „Разден“. Фабриката за бодликава жица „Прв ударник“ сега се вика „Еж“, само што не работи, па во нејзиниот круг ’рѓосуваат преостанатите колаци жица, расте багрем, ѕидовите на халите се ронат и мувлосуваат, а канцелариските

материјал полека го јадат црвци. Подград и понатаму има најмалку сончеви денови во југоисточна Европа.

Подграѓаните се делат на оние што работат во здравствениот дом, општината, полицијата и поштата и за тоа примаат плата, на оние на кои децата не им се вратиле од студии, па сега им праќаат пари од Сараево, на оние на кои децата, браќата или жените не им се вратиле по бегалската криза, па сега од Хамбург, Гетеборг или макар од Загреб, им испраќаат пари, и на Зеко и Михо, хероите на Подград, триесет и петгодишници чијашто упорност во придвижување на неуспешни бизниси може да се мери единствено со упорноста на шефот на комуналната служба на општина Подград, Зијад Мехичевиќ-Ефеј, тренер на фудбалскиот клуб што некогаш се викаше „Прв ударник“, а сега само „Ударник“, тим чијшто најголем неуспех не се памети, бидејќи, просто кажано, никогаш немаше некој успех вреден за паметење. Што, зар не му пречи на ентузијазмот и самодовербата на Ефеј, толкав што еднаш, кога се јави во спортската програма на Радио БИХ, рече:

– Кога би ги имал условите како Барселона, ние би биле прваци на Европа.

– Ти, Зијо, да беше нормален, колку што си будала, одамна би сфатил дека си ненормален – му рече Муха на Зијо по слушањето на емисијата и оттогаш не прозбореа ниту збор.

– Да си ебеш векот, тоа е исто како јас да речам дека би бил висок два метра кога би имал два метра,

наместо метар и осумдесет – додаде Зеко и оттогаш со Ефеј не прозбори ниту збор.

Тоа беше крај на познанството што прерасна во деловно партнерство и кое за малку ќе завршеше и како пријателство, без оглед на тоа што Ефеј беше постар дури петнаесетина години. Генерациите во Подград не се мешаа, барем во времето додека растеше Мехичевиќ. Едноставно, постарите се дружеа со постари, младите со помлади, па ни во брак не се влегуваше ако разликата беше поголема од три години. Меѓутоа, минатото не ги поврзуваше Муха, Зеко и Ефеј, туку заедничката, не баш најдобро испланирана, иднина.

Мухамед Јахиќ-Муха и Един Зечевиќ-Зеко приложија докази дека двајцата се воени херои, вложија вредносни хартии добиени наместо воени плати, додека Ефеј ја плати регистрацијата на фирмата „ЗиМуЗе“ д.о.о., продаде половина од сливарникот наследен од татко му и така, заедно со Муха и Зеко, стана сопственик на некогашната фабрика за бодликава жица „Прв ударник“. Во „Еж“, како што ја нарекоа фабриката, бидејќи не можеа да се сетат на ништо попаметно, Зијо требаше да биде генерален директор, Муха – претседател на управен одбор, а Зеко обичен директор.

Фабриката никогаш не проработи: „ЗиМуЗе“ д.о.о., наместо кредит за развој на индустриското производство, доби негативен одговор, па Ефеј се врати во својата општинска канцеларија.

– Да ни поминеше кредитот, ќе го врзев клубот со фабриката. Чуда ќе направевме – знаеше понекогаш да му рече некому, а таквите беа сè помалку, што имаше волја да ги слуша неговите фудбалски фантазии.

Зеко и Муха продолжија да живеат со плановите за богатење, да ги трошат воените пензии, па пропадна и последната, можеби не баш реална шанса, некој во Подград да оди повторно на работа во фабриката. Оттогаш поминаа десет години и уште нешто повеќе, можеби месец, два. Зимите станаа некако поблаги, летата пожешки, деца за прво одделение имаше сè помалку.

Деновите во Подград, сè на сè, се разликуваа единствено по имињата.

# 2

– Жими Тито покоен, нас, како што сме баксузи, и војната ќе нè заобиколи – рече Зеко.

– А јас баш мислев да земеме митралез, па по Германците – му одговори Муха, отворајќи полулитарско шише пиво.

Наместо на училиште, тие со денови седеа во станот на Муха. Неговите родители работеа во „Прв ударник“, брат му студираше во Сараево, па имаат сосема доволно место за да тепаат време. За да не ги откријат, секое утро ќе се сретнеа кај училишната порта, ќе запалеа цигара, ќе ги испратеа со поглед учениците и ќе отидеа кај Муха. По пат ќе купеа пиво и ќе се досадуваа со телевизија сè до пладне. Тогаш Зеко ќе се вратеше од училиште, на мајка си ќе ѝ кажеше дека не е гладен, дека малку ќе отспие, па ќе учи со Муха.

Сè се менуваше, освен Подград, а телевизијата ги пренесуваше промените: пропадна режимот што ја изгради фабриката и градот, новата власт се распаѓаше веднаш по формирањето, во ТВ-дневниците најмногу се зборуваше за пушки и гробови, а вечерните

вести, наместо вообичаените триесет минути, траеја со часови, за следното утро да бидат репризирани. Така, Зеко и Муха со мало задоцнување беа информирани, само што не разбираа баш најдобро што всушност се случува и зошто.

Со својот бунт против училиштето тие не сакаа да постигнат ништо посебно: немаа рок-бенд што се малтретираше со песни од три акорди и сонуваше за голема кариера, не тренираа во „Прв ударник“ и не се надеваа дека еден ден во Подград ќе дојдат со мерцедеси и ќе бидат следени од камери, ниту, пак, сонуваа, особено не тоа, дека поради недисциплина ќе бидат исфрлени од училиште, па татковците, немајќи што друго, ќе им дозволат вонредно да го завршат последното одделение и да се запишат на факултети каде што примаат талентирани ученици, без оглед на оценките. Всушност, Муха и Зеко немаа некаква цел. Едноставно, ним не им се одеше на училиште зашто таму им беше досадно. Го прифатија животот онаков каков што е и ако сакаа да постигнат нешто, тогаш тоа беше да ја повторуваат четврта година. Едноставно пресметаа: колку подоцна го завршат училиштето, толку подоцна ќе одат во војска, колку подоцна одат во војска, толку подоцна и ќе се вратат, па, со тоа, подоцна ќе почнат да работат во „Прв ударник“. Ниту на едниот, ниту на другиот не им падна на памет, да речеме, дека можат да бидат добри ученици, па да добијат фабричка стипендија за студирање на Техничкиот факултет

во Сараево, со што, кога ќе завршат ќе добијат подобра работа во „Прв ударник“.

Такви какви што беа, Муха и Зеко само на себеси си беа интересни. Вистина, ниту другите не им беа интересни ним. Седумнаесетгодишниците од Подград се делеа на оние што учат многу за да добијат стипендија и подобро место во „Прв ударник“, на оние што учат послабо, па ќе работат некоја потешка работа во „Прв ударник“, и на оние, тие петмина поточно, кои свиреа во бендот „Блек дејс“, носеа црни маици, исти такви панталони, војнички чизми и лете и зиме навистина мислеа дека тоа што можат прецизно да ги отсвират панк-хитовите ќе ги доведе до телевизија, оттаму на концерти на стадионите, па штом ќе го снимат првиот албум и ќе станат познати, ќе го сменат светот, и на сите, ама баш на сите, ќе им објаснат. Мухарем Авдагиќ-Ротен, Зоран Кандиќ-Сид и неговиот брат близнак Горан Кандиќ-Вишиз, Ахмед Бајрамовиќ-Кертис и Игор Блатњак-Хук, гледаа на Муха и Зеко од високо, а Муха и Зеко ги гледаа нив како будали. Девојките од Подград, пак, се делеа на оние што учат добро, па ќе добијат фабричка стипендија, на оние што исто така учат добро, но сакаат да студираат фармација, па на оние што учат добро, но со задоволство би биле учителки, па на оние што штом завршат со училиштето, ќе ги фрлат книгите, ќе се омажат и до крајот на животот ќе ги испраќаат мажите на работа, ќе ги дочекуваат децата за ручек и на челото ќе им ставаат парчиња компир кога ќе ги заболи главата. И

уште на Сена Хирош, најдобрата пријателка на Зеко и Муха, девојка порасната со глувонеми родители, сосема созреана девојка, многу порано од врсничките. Секој вторник и четврток Сена излегуваше порано од училиште – наставничката по англиски ги прифаќаше сите нејзини објаснувања, сожалувајќи ја девојката која дома не разговара со мајка си, туку користи знаци – па на Муха и Зеко ќе им пренесуваше што се зборува за нивното недоаѓање меѓу учениците и наставниците. Зеко ќе ѝ направеше преблаго турско кафе, Муха ќе ѝ дадеше чоколадо „Сека и брацо", па ќе муабетеа четириесет и пет минути. Сена никогаш не останувaше ни минута подолго, за да не ѝ се секираат родителите. Ништо друго во тие три четврти од час не се случуваше, но подградските седумнаесетгодишници зборуваа: една се колнеше дека гледала видеокасета што ја снимиле Зеко и Муха, на која Сена е гола, друга зборуваше дека нејзината сестра слушнала како сешто зборуваат кога мајка ѝ ја испратила да ѝ ја врати тепсијата на мајка му на Муха; Ахмед Бајрамовиќ-Кертис, кај што ќе стигнеше зборуваше дека Сена во училишното веце го фатила за мадиња, но тој ја оттурнал затоа што се ебе со Муха и Зеко. Сена никому му немаше кажано дека Кертис, додека таа беше дежурна и правеше обиколка по ходниците, пред машкото веце, падна, дека телото му се кочеше и му се тресеше и дека таа го повика професорот по хемија, а тој на Кертис в рака му стави клуч, во устата ремен и викна Брза помош. И дека, пред да му пребледе лицето

и пред да му откажат нозете, ѝ шепна дека ја сака.

– Сакате прво добрата или лошата вест? – праша Сена, седнувајќи на каучот со месо боја, спроти фотелјата од која Муха стана да ѝ донесе чоколадо, откако Зеко го донесе кафето.

Беше четврток или вторник – за тоа подоцна, сè до крајот на војната, ќе се расправаат двајцата пријатели – Сена дојде до вратата на Јахиќ, заѕвони двапати кратко, еднаш долго и повторно кратко. Муха, штом првпат го слушна ѕвончето, знаеше кој е, но почека Сена да заѕвони по договореното. И попатно, на Зеко му кажа дека планирал да биде митралезец. На телевизија беше репризата на синоќешниот дневник: се менуваа сликите на одлично расположени српски војници потпрени на топовските цевки насочени кон Сараево, муслимански старици со шамии на главите како чекорат по калливиот пат, влечејќи ги за рака извалканите и исплашени деца; запалени куќи и џамии со урнати минариња, мажи во тренирки и фармерки што ги придржуваат кожни ремени, на кои се закачени пиштоли... Сена влезе во станот токму кога некој Швеѓанец во бел костум објаснуваше дека меѓународните набљудувачи бележат постојан пораст на напнатоста во кризните подрачја.

– Добрата – рече Муха, давајќи ѝ го на Сена чоколадото.

– Немој, дај да куртулиме од лошата, па потоа полека – додаде Зеко.

– Ќе сакате ли, вие прво, да се договорите? – Сена

зборуваше, насмевнувајќи се и поминувајќи со раката низ густата, права, црна коса.

– Утре ќе се договориме – одговори Муха.

– Изгледа дека денеска е родителска – рече, тивко спуштајќи го погледот код подот.

– Е, тогаш еби му мајката– на Муха речиси му се фати гласот.

– У три пички мајчини – ни Зеко лесно не ја поднесе најавата дека за неколку часови татковците ќе дознаат дека веќе со месеци не одат на настава.

Адем Јахиќ, мортус пијан, се обидуваше да ја потрефи бравата со клучот. Тој ден во седум дојде во фабриката, за десет минути подоцна да дознае дека заедно со уште двесте седумдесет и девет работници е упатен на принуден одмор заради пад на производството. Тоа не беше првата група од оние што станаа технолошки вишок, туку веќе трета, и знаеше дека принуден одмор е само претфаза на отказ. Во фабричката кантина, пред сопругата Расема, на празен стомак испи девет чоканчиња, па опивањето го продолжи по биртиите сè додека од втора можеше да погоди која од чашите, што ги гледа како низ магла, е вистинската. Сега, потпрен на довратникот, се обидуваше три клуча да пикне во три брави. Очаен и сонлив, се потпре со раката на кваката и вратата се отвори. Муха заборавил да заклучи. Двата пара машки патики и едните женски чевли во ходникот не ги ни забележа. Држејќи се за ѕидот од ходникот, се истетерави до првата врата и влезе во

дневната соба. Го дочекаа, смрзнати од страв и изненадување, синот, неговиот најдобар пријател и Сена, чиешто лице ја доби бојата на свежо варосаниот бел ѕид зад нејзиниот грб.

– Добар ден, чичко Адем – пропелтечи Зеко.

– Како сте? – праша Сена.

– Та-то – пропелтечи Муха.

– Мераба младино... јас дојдов... порано – промрмори Адем и поврати врз тепихот што пред само неколку денови го тресеше пред зградата.

Зеко со поглед на Сена ѝ покажа кон вратата, па со Муха го донесе Адем на каучот и го спушти. Фабричкиот работник и еден од подобрите игроорци во КУД „Прв ударник“ заспа истата секунда.

Додека Сена со знаци им објаснуваше на татко ѝ и мајка ѝ зошто дошла порано од обично, Муха и Зеко седеа на скалите на зградата, плукаа пред себе и молчеа.

– Ми се чини дека наебавме – Муха проговори прв.

– Нема што да ти се чини, сигурно е така – му рече Зеко.

– На оној мојон ептен ќе му легне родителската на мамурлакот, ќе ме одере од ќотек.

– Тоа нема врска со мамурлакот и мене ќе ме убие стариот, а престана да пие.

– Тебе дедо ти ќе те брани, кај мене мама ќе го подаде каишот.

– Ма, не знам... Ајде да е нешто друго, па ај, ама школото... Го знаеш дедо...

– Е, еби му мајката.

– Не ни ја кажа Сена добрата вест.

– Стварно бе, Зеко, не сери, што може да биде добро: дека нема домашно?

Два часа плукаа врз скалите, па Зеко отиде во читална, од дедо му зеде пари да купи некоја книга, па со истите пари плати два автобуски билета до Сараево.

Повеќе од две години поминаа пред Мухамед Јахиќ-Муха и Един Зечевиќ-Зеко повторно да се појават во Подград, послаби, постари, во маскирни униформи, со панцирни шлемови на главите и со крстови на грбовите врежани со ками.

# 3

Кога немаше да има обврски во клубот, добростоечкиот спортски работник и универзален ентузијаст со некој килограм повеќе, а со тил прикриен со секогаш беспрекорно пострижена црна коса ишарена со првите седи влакна – Зијад Мехичевиќ-Ефеј во канцеларија остануваше до единаесет, доволно за да ги прочита весниците, да ја проучи понудата од обложувачница, да го изеде сендвичот и да ѝ ѕирне на секретарката во деколтето. Во такви денови ќе излезеше од канцеларијата и на Јеленка, несудената учителка заробена во претесни фустани и осудена на јавување на телефон и варење кафе, ѝ велеше дека оди на терен и дека не знае дали ќе се врати. Кога, пак, имаше обврски во клубот, Зијад Мехичевиќ-Ефеј во канцеларија остануваше до девет, доволно за да ги пролиста весниците, бегло да ги види понудите од обложувачница и на секретарката да ѝ ѕирне во деколтето. Во такви денови ќе излезеше од канцеларија и на Јеленка ѝ велеше дека мора да работи на тактиката и да се обиде да ги реши проблемите во средниот ред и дека не знае дали ќе се врати.

Јеленка, дали беше единаесет или девет, одговараше едно и исто:

– Нема проблем. Туку, ако може и јас би излегла малку порано, нешто да зготвам?

– Може, очи мои убави – ќе ѝ одговореше Ефеј, штипнувајќи ја за образот и уште еднаш ќе ѝ погледнеше во цицките.

Одејќи во клубот, тој всушност одеше дома. Откако престана производството на жица и „Прв ударник“ стана „Ударник“, управата на клубот во која, покрај Ефеј, беше уште и неговата сопруга Јагода и најискусниот првотимец Фуад Јажиќ-Фуке, работеше во гаражата што, покрај куќата и земјиштето на крајот на Подград, Ефеј ја наследи од тестот. И така – како што сам се претставуваше ако имаше потреба – долгогодишниот спортски работник Зијад Мехичевиќ, прво ќе ги соблечеше чевлите пред куќната врата, торбата ќе ја оставеше во ходникот, па ќе отидеше во дневната соба за да ја бакне својата Беба.

– Што има ново во чаршија? – го прашуваше секој божји ден Јагода што ја викаа Беба, не прекинувајќи го гледањето телевизија.

– Ништо – ќе ѝ одговореше и уште, ако беше облачно, ќе најавеше дожд, а ако небото посинуваше, сомнежливо ќе кажеше дека би можело да врне попладне.

Во сина тренирка и чевли, наметнат со капут зиме, односно во сини шорцеви, бела маица и влечки на боси нозе преку лето, Ефеј одеше во гаражата па таму,

покрај вентилаторот или покрај кварцната печка, фантазираше за тоа како еден ден, некогаш, по некое чудо и со неговото знаење, „Ударник“ ќе победи некој голем клуб, па од тој клуб ќе го повикаат господинот Мехичевиќ да ги тренира. Тој ќе се оддолжи на укажаната доверба – Ефеј не само што зборуваше со јазикот на спортските коментатори туку така и мислеше – со серија успешни резултати, па потоа, во интервјуата, на многубројните новинари ќе им раскажува за својата работа во „Прв ударник“, пардон „Ударник“, со кој ќе стигнеше далеку само да имаше подобри работни услови.

Од своите педесет години, Ефеј повеќе од триесет и пет ги имаше поминато во клубот, а притоа никогаш немаше одиграно ниту еден натпревар.

– Не знам ни да потстрижувам, но знам што е добра фризура – одговараше додека ги имаше оние што го прашуваа како тоа, жити бога, води фудбалски тим, иако не знае да стопира топка.

Не дека не се обидуваше да тренира: уште од десет години стана член на пионерската школа на „Прв ударник“, за тренерот по три месеци убаво да му каже дека е подобро да учи. Зијад Мехичевиќ следните четири години не пропушти ниту еден единствен тренинг. На секој од тренинзите доаѓаше малку пред почетокот, се потпираше на оградата зад клупата за резервни играчи и гледаше. Следеше, по дожд, по жега, кога било, како од момчиња стануваат фудбалери, го зна-

ше на памет распоредот на вежбите и уредно ги додаваше топките што ќе завршеа надвор од стадионот.

Можеби ќе му здосадеше, можеби ќе најдеше нешто попаметно за трошење на времето, можеби навистина ќе се фатеше за книга, ако тренерот на помладата селекција на „Прв ударник“ не дојдеше на тренинг мамурен до граница на издржливост. Способен единствено да легне на тревата и плитко да дише, Авдија Јажиќ-Авдо дојде до Ефеј, му го даде своето свирче и, следен од вчудовидените погледи на идните рекреативци, му рече да почне со вежбите. Кога се разбуди, виде како неговите играчи вежбаат реакции на центаршут, додека малиот Зијо дува во свирчето.

По пет години Зијо стана и остана Ефеј поради постојаното инсистирање топката да се удира така што на патот кон голот ќе ја смени насоката на движење, по десет ја запозна Јагода, а по петнаесет стана тренер на првиот тим.

Оттогаш, не сметајќи ги четирите воени години, секој прв септемвриски понеделник, Ефеј стануваше порано, со грч во стомакот од трема, на работа одеше само да тепа време и се враќаше дома само за да се пресоблече, па со Беба и Фуке да тргне за Сараево на извлекување на паровите за првото коло на Купот на БиХ. Додека Сафета и Хусрефа, ќерките-близначки на Ефеј, не отидоа да студираат во Сараево, на пат ги носеше нив, а не капитенот. Откако заминаа од дома, па сè додека не се омажија, на пат ќе одеше и експрес-лонецот со свежо зготвен грав,

телешки шницли подготвени за пржење во тавче, пита од јаболка и две тегли домашен мед.

Ефеј од канцеларијата се врати онаков каков што и отиде в канцеларија – нервозен. Додека го паркираше белиот голф пред портата, виде како Беба го закачува мокриот голмански дрес со жолта боја. Другите маици, на играчите, некогаш темносини, но избледени од перењето, веќе полека се нишаа, наредени без никаков ред, па покрај центарфорот се сушеше левото крило, а покрај задниот за врска, резервното десно крило. Ефеј го исклучи моторот на автомобилот и вдиша длабоко: формацискиот распоред на сушење му одеше на нерви и онака, а посебно кога имаше и други причини за нервоза. Но, на Јагода не смееше да ѝ каже ништо.

- Мојата Беба, за сите овие години, помалку или повеќе, на одржување на опремата потроши едно два шлепера детергент – ја објаснуваше улогата на сопругата во клупските работи.

Само што ја подигна пластичната кошница во која од куќата ги донесе мокрите дресови, Јагода го слушна затворањето на вратата од автомобилот и гласот на мажот ѝ:

– До фабриката мириса колку убаво си ги испрала.

Го почека Зијо, го бакна и го праша има ли нешто ново во чаршија, тој ѝ одговори дека нема, со дланката лесно ја удри по задникот, па заедно отидоа да се подготват за на пат.

Јагода облече син фустан со бели линии, црвени сандали и, за секој случај, зеде тенок розов џемпер. Околу вратот ја стави бисерната бразлетна, подарок од Сафета од Истанбул, а на раката тенка златна бразлетна што Хусрефа ѝ ја купи за роденден. Зад ушите и меѓу градите нанесе парфем со тежок мирис на јасмин, а на надлактиците бебешки крем. Фризурата си ја направи уште вчера. Усните си ги намачка со црвен кармин и самата на себеси си изгледаше баш убаво.

– Има уште дваесет минути до Фуке – кажа Ефеј кога, излегувајќи од бањата, ја погледна жена си, па со раката се почеша меѓу нозете.

– Ако, да си жив и здрав – му одговори таа, се сврте и излезе на свеж воздух.

Од трите костуми – летен, зимски и оној за состаноци – Зијад Мехичевиќ, секако, го одбра најсоодветниот. Со сивите панталони и белата кошула на кратки ракави, заврза бордо вратоврска, а сакото го зеде заедно со закачалката, за да не се истутка, зашто секако не мисли да го облекува. Излезе од куќата, седна на пластичниот стол и уште еднаш ја погледна Беба.

– Можевме досега да го направиме тоа – рече.

– Навистина си досаден – кажа Јагода.

– Што да правам кога те сакам – шепна Ефеј и се навали кон жена си.

Таа го намести образот за бакнеж, ги почувствува усните на мажот и здивот од кафе и ги затвори очите. Шкрипењето на железната врата го најави времето за тргнување.

Фуад Јажиќ-Фуке за пат во Сараево одбра бела свилена тренирка, бели патики и исти такви чорапи. Секогаш ги носеше часовникот на левата и плетената белегзија на десната рака. Висок, ниту малку вит маж со избричена глава дојде точно навреме за на пат. Капитенот и најискусниот играч на „Ударник“ полека се подготвуваше за наследник на Ефеј. Сѐ почесто на тренинзите ги водеше полесните вежби, а Ефеј без него не можеше да го замисли тимот. Всушност, единствениот играч кој редовно тренираше и искрено патеше поради поразите беше Фуке, одбранбен играч со недостиг на дарба, вишок срце и обврзувачкиот семеен *бекграунд*: таткото на Фуке, Адем, од Ефеј направи тренер, па Зијо му го враќаше долгот на неговиот син, особено откако Адем почина од цироза на црниот дроб.

– Навистина си можел да облечеш нешто поубаво – рече Беба пред Фуке да ги поздрави.

– Што, што ми фали? – ја праша и седна наспроти тренерот.

– Како е капитену? – Ефеј ја прекина можната расправија меѓу жена му и соработникот.

– Ме затега нешто, да му ебам мајката – рече Фуке, стана од столот и се наведна – Еве, ме жега.

Следните пет минути никој не проговори ништо: Јагода одвај чекаше да ги види ќерките. Зетовците, знаеја Зијо и Беба, нема да ги видат: ниту тие ги поднесуваа мажите со кои ќерките им живееја, ниту, пак, нивните мажи ги поднесуваа нив. Два, три неуспешни

собири покажаа дека е најдобро да не се сретнуваат и сите, иако за тоа никогаш се немаа договорено, се држеа до правилото за миролубиво неподнесување.

Беба седна на задното седиште, покрај себе ја стави чантата, од неа извлече соленки и уште додека Фуке го поместуваше седиштето за да си направи повеќе место, почна да јаде. Зијо си стави кожени ракавици со отсечени прсти, го стартуваше моторот и радиото и голфот тргна накај Сараево. И веднаш застана: Фуке истрча до куќата на Мехичевиќ да провери дали заклучиле, па уште еднаш, овој пат со клучот, да види дали пеглата е исклучена. Со предвидените десет минути задоцнување, конечно тргнаа на пат.

– Беба, да не ти се лоши? – ја праша Зијо загрижено.

– Уште не – промрмори Јагода.

Фике го отвори прозорецот и пушти воздух во голфот.

– Дува – кратко рече Беба.